(Образец ПП___)

Архивски знак:______
Рок на чување______
__________ 20 ____ год.
Потпис
__________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП

| Примено: | 22.07.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог: | Вредност |
| 24 | 773/1 | | |

**До:**
**Општина Пробиштип**
(Имател на информацијата)

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Од:**

**Граѓанска асоцијација за згрижување и вдомување на бездомни животни**
**БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ БЕЗ ГРАНИЦИ Скопје**,
ул. Иван Манолев 87А, Скопје
bezdomnizivotnibezgranici@gmail.com
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Годишните извештаи за бројот на заловени и третирани бездомни животни на територија на Општина Пробиштип за **2019, 2020, 2021 и првата половина од 2022 година (до 30.6.2022).**

   Извештаите бараме да бидат изготвени согласно форматот определен со член 9, став (1), точка 1 од **Правилникот за техничките услови за прифатилиштата (141/10)** и член 20, став (2), точка 1 од **Правилникот за интервенции и третман на бездомните кучиња (44/21)**.

   Напоменуваме дека водењето на евиденција е законска обврска на давателот на услугите со кој Општина Пробиштип има склучено договор и не смее да отстапува од пропишаниот формат.

2. Дали Советот на Општина Пробиштип има донесено ***Програма за контрола на популација на бездомни кучиња*** (законска обврска на општината) **и дали истата ја има доставувано до Агенцијата за храна и ветеринарство на одобрување?**

3. Износ на **висина на трошоци** на кои е изложена Општина Пробиштип во постапките пред надлежни судови во **предмети за одговорност на надомест на штета причинета од каснување на граѓани од бездомни кучиња** за временскиот период 2019-2021 година?

**Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:**

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго

**Начин на доставување на информацијата:**

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Правна поука:** Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**22.07.2022 година**

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

______________________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-773/2
08.08 2022 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот **Граѓанска асоцијација за згрижување на бездомни животи „Бездомни животни без граници Скопје" Ул„Иван Манолев 87А Скопје** поднесено на ден **22.07.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Пробиштип** го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето од **Граѓанска асоцијација за згрижување на бездомни животи „Бездомни животни без граници Скопје"** наш бр.24-773/1 од 22.07.2022 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

1. Годишните извештаи за бројот на заловени и третирани бездомни животни на територија на Општина Пробиштип за 2019, 2020, 2021 и првата половина од 2022 година (до 30.06.2022).

Извештаите бараме да бидат изготвени согласно форматот определен со член 9, став (1), точка 1 од Правилникот за техничките услови за прифатилиштата (141/10) и член 20, став (2), точка 1 од Правилникот за интервенции и третман на бездомните кучиња (44/21).
Напоменуваме дека водењето на евиденција е законска обврска на давателот на услугите со кој Општина Пробиштип има склучено договор и не смее да отстапува од пропишаниот формат.

2. Дали Советот на Општина Пробиштип има донесено Програма за контрола на популација на бездомни кучиња ја има доставувано до АХВ на одобрување?

3. Износ на висина на трошоците на кои е изложена Општина Пробиштип во постапките пред надлежни судови во предметите за одговорност на надомест на штета причинета од каснување на граѓани од бездомни кучиња за временскиот период 2019-2021 година?

Се УВАЖУВА

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од **Граѓанска асоцијација за згрижување на бездомни животи „Бездомни животни без граници Скопје" Ул„Иван Манолев 87А Скопје** имателот на информацијата **Општина Пробиштип**

Ви ја доставува информацијата:

1. Општина Пробиштип во 2019 година има заловено 13 кучиња и за целосно третирање се потрошени 55.261,00 денари, во 2020 година има заловено 16 кучиња и се потрошени 77.637,00 денари, во 2021 година се заловени 5 кучиња и се потрошени 99.987,00 денари, во 2022 година се заловени 3 кучиња.
2. Советот на Општина Пробиштип има донесено Програмата за контрола на популацијата на бездомните животни на подрачјето на општина Пробиштип за 2022 година бр.26-1202/17 од 16.12.2021 година (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.14/2021), а средствата за извршување на Програмата се предвидени од Буџетот на општината во програмата Т10-унапредување на здравствената заштита од контото 425510-ветеринарни услуги.
3. За каснување од куче во последните две години против општина Пробиштип имаме две судски постапки, од кои едната е завршена со пресуда во висина од 30.000,00 денари за надомест на штета и 30.000,00 денари за трошоци во постапката кои солидарно треба да ги исплатат општината и ветеринарната клиника за заловување на кучиња. Другата судска постапка сеуште е во тек.

Во прилог: Програма за контрола на популацијата на бездомните животни на подрачјето на општина Пробиштип за 2022 година бр.26-1202/17 од 16.12.2021 година (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.14/2021).

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Пробиштип на 08.08.2022 година, под бр.24-773/2.**

По овластување на Градоначалникот на Општина Пробиштип
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Анкица Ѓеновска-Советник за правни работи и јавни набавки

________________________

Јованка Данева-Раководител на одделение за правни и општи работи

________________________

Градоначалник на општина Пробиштип
Драган Анастасов

________________________

Република Северна Македонија ОПШТИНА ПРОБИШТИП 2 ПРОБИШТИП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-773/3
08.08. 22 год.
ПРОБИШТИП

ПРОПРАТНО ПИСМО ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ОДГОВОР ПО БАРАЊЕ

Датум: **08.08.2022 година**
ДО: **Граѓанска асоцијација за згрижување на бездомни животи „Бездомни животни без граници Скопје" Ул„Иван Манолев 87А Скопје**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации **Општина Пробиштип**
**ВРСКА:** 24-773/1 од 22.07.2022 година

Почитувани,
Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог ви се доставува Решение по бараната информација.

Со почит,
Анкица Ѓеновска, службено лице